Агенцијата за вработување на Рапублика Македонија (АВРМ) во рамките на проектот „Поддршка за вработување на млади", финансиран од страна на Оперативната програма за "Развој на човечки ресурси 2007-2013"(ИПА Компонента IV), а врз основа на Оперативниот план за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување за 2017 година, го објавува следниот:

# ПОКАНА ЗА ТЕНДЕР

## за организирање и спроведување на обуки за побарувани занимања на пазарот на трудот за невработени лица на возраст до 29 години, баратели на работа во рамките на компонента Б „Обуки за вештини побарувани на пазарот на трудот"

Агенцијата за вработување (АВРМ) има намера да додели договор(и) за услуги за **Организирање и имплементирање на „Обуки за вештини побарувани на пазарот на трудот" на целата територија на државата.**

Овој Јавен оглас претставува покана до понудувач/и заинтересирани да се пријават на овој тендер и бараат обезбедување на обуки за еден или повеќе од следниве сертифицирани курсеви за обука:

- Лот 01 - Наслов: "Компонента Б – Обуки за вештини побарувани на пазарот на трудот – Обуки за Службеник во книговодство" за 100 кандидати
- Лот 02 – Наслов: "Компонента Б – Обуки за вештини побарувани на пазарот на трудот – Обуки за Шминкер" за 40 кандидати
- Лот 03 - Наслов: "Компонента Б– Обуки за вештини побарувани на пазарот на трудот – Обуки за Масер" за 40 кандидати
- Лот 04 – Наслов: "Компонента Б – Обуки за вештини побарувани на пазарот на трудот – Обуки за Неговател/ка на стари и немоќни лица во домашни услови" за 40 кандидати

Обуките за вештини побарувани на пазарот на трудот ќе бидат спроведени од страна на правни субјекти со сертифицирани програми за обука.

Обуките ќе бидат организирани за 220 млади невработени лица пријавени како активни баратели на работа во АВРМ.

Сите заинтересирани понудувачи може да аплицираат за еден Лот, или повеќе Лотови, преку поднесување само на една понуда по Лот.

**Процедура и рокови за аплицирање**

Комплетното тендерско досие во електронска форма е достапно само со пополнување на формулар за апликација кој може да се најде на следните веб страни:

- Агенција за вработување (АВРМ): www.avrm.gov.mk;
- Министерство за труд и социјална политика (МТСП): www.mtsp.gov.mk.

Сите правни субјекти  (тренинг провајдери) заинтересирани за учество во овој тендер се поканети да поднесат тендерско досие и сите други документи барани во него. Документите за тендерот мора да бидат испратени на следнава адреса, којашто е дадена и во инструкциите до понудувачите, огласот за јавна набавка и описот на работните задачи изложени во тендерот:

**Агенција за вработување (АВРМ)**
**Адреса: Ул. Васил Ѓоргов Бр. 43, 1000 Скопје**

**Рокот за поднесување на понудите е четврток 23 Март 2017 до 16:30 часот**.

Тендерот и сите документи барани во тендерското досие мора да бидат поднесени со користење на систем со двоен коверт, односно надворешниот пакет или коверт да содржи два затворени коверти (еден за техничка понуда и еден за финансиска понуда) со следниот текст **"Supporting employment of young people "; „Ref.no  12-7741/1-6.3 – Lot __“ и  “Not to be opened before the tender opening session” / Да не се отвора пред сесијата за отворање на понудите”** на надворешниот дел на ковертот.

**Некомплетни  и ненавремено доставени документи после рокот нема да бидат земени во предвид.**